РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА
СКОПЈЕ

Врз основа на член 18 од Законот за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните („Службен весник на Република Македонија", бр. 81/05), член 31 став 2 точка 2 од Изборниот законик на Република Македонија, („Службен весник на Република Македонија", бр. 40/06,136/08,148/08,155/08,163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14 и 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17,125/17,35/18, 99/18,140/18 ), Правилникот за подготовка, организирање и спроведување референдум на државно ниво 30 Септември 2018 година на Државната изборна комисија со бр. 12-1401/1 од 01.08.2018 година и член 66 став 1 и 6 од Деловникот на Државната изворна комисија, Државната изборна комисија на седницата одржана на 14.09.2018 година донесе:

# УПАТСТВО
## за важечки и неважечки гласачки ливчиња за референдум на државно ниво

***Граѓанинот на референдумот се изјаснува така што на гласачкото ливче го заокружува зборот "ЗА" или "ПРОТИВ". (чл.18 Закон за референдум)***

Избирачот гласањето го врши зад паравaнот на тој начин што ***заокружува*** еден од понудените одговори на поставеното прашање за референдум, исклучиво со хемиско пенкало во сина боја и гласачкото ливче преклопено го става во кутијата за гласање.

Гласачкото ливче е важечко ако е заокружен само зборот "ЗА" или само зборот "ПРОТИВ".

За важечко ливче се смета и она гласачко ливче од кое на ***сигурен и недвосмислен начин*** може да се утврди за кој од понудените одговори на поставеното прашање избирачот гласал.

Гласачкото ливче е ***неважечко*** ако не е пополнето на начин предвиден со Изборниот законик, Законот за референдум и ова Упатство, ако е прецртано делумно или целосно, ако се заокружени двата или не е заокружен ниеден од понудените одговори на поставеното прашање, ако бројот на гласачкото ливче не е соодветен на бројот на гласачкото место каде се гласа или ако гласачкото ливче нема печат на предната страна.

Ова упатство влегува на сила со денот на неговото донесување.

**Број** 08 - 1830/1
**14.09.2018 година**
**Скопје**

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Оливер Деркоски**